# Каде сега?
# Водич за VCE
# и VCAL

## Информации за учениците кои го изучуваат англискиот како втор јазик и за нивните родители

State Government Victoria
Department of Education & Training

VICTORIAN CURRICULUM AND ASSESSMENT AUTHORITY

© 2006

## ЗА VCE

### Што е VCE?

Викториското свидетелство за образование [The Victorian Certificate of Education (VCE)] е свидетелство со кое се признава успешното завршување на твоето средно образование. Тоа е извонредна квалификација што е призната ширум светот. VCE отвора можности за натамошно образование на универзитет, во институции за техничко и натамошно образование [Technical and Further Education (TAFE)] и за вработување. Во рамките на твоето VCE можеш и да се определиш за чиракување или обука, базирани во училиште (school-based apprenticeship or traineeship).

### Кога може да го почнам моето VCE?

VCE е предвидено да се изучува во 11-та и 12-та година, но може да почне и во 10-та година. Околу половина викториски ученици во 10-та година изучуваат некои VCE наставни единици.

### Што е VCE програма?

VCE програма е целиот комплет на предмети (studies) што ќе ги изучуваш заради завршување на твоето VCE.

Ти можеш да одбереш од голем избор на VCE предмети.

### Што треба да одберам?

Во VCE има над 90 предмети (studies или subjects) од кои може да се одбере. Нивната комплетна листа е на страниците 3 и 5. Од нив, повеќе од 30 се VCE програми за професионално образование и обука [Vocational Education and Training (VET)] кои исто така обезбедуваат индустриска квалификација призната во цела Австралија. Постојат и други избори. На пример, по предметот историја ти можеш да изучуваш револуции, ренесансна Италија или австралиска историја. Исто така, може да одбереш меѓу неколку математички предмети или да изучуваш групно или солистичко музичко исполнување. На располагање се и 46 јазици кои не се англискиот [Languages Other Than English (LOTE)].

Еден VCE предмет е главно предвиден да се изучува една година и е составен од наставни единици (units). Една единица се изучува половина година или еден семестар. Единиците 1 и 2 може да се изучуваат како една единствена единица – значи, само Единица 1 или само Единица 2 – но Единиците 3 и 4 мора да се изучуваат како две единици, една по друга. Ако се запишеш за Единица 3 по некој предмет, од тебе ќе се очекува да ја запишеш и Единицата 4 по тој предмет, обично во текот на истата година.

Една VCE програма главно се состои од 20 до 24 единици што се изучуваат во текот на две години, иако ти можеш да го менуваш бројот на единиците што ќе ги изучуваш во текот на една година.

Единиците 3 и 4 нормално се изучуваат во твојата последна година во училиште. Ако планираш да изучуваш некои Единици 3 и 4 во 11-та година, имај предвид дека тие се потешки од Единиците 1 и 2.

Кога го правиш изборот, треба да размислуваш за предмети кои:

- те интересираат
- добро ти одат
- водат кон работа што те привлекува
- те подготвуваат за натамошна обука или факултетски курсови за кои размислуваш

- обезбедуваат VET признавање, што значи VCE VET програма што води кон VET квалификација во рамките на твоето VCE.

**Што може да изберам во моето училиште?**

Секое училиште одлучува кои VCE предмети и VCE VET програми ќе ги понуди и кога.

Ти исто така може да изучуваш некој предмет надвор од твоето училиште (на пример, во Викторискoто училиште за јазици - Victorian School of Languages), ако твоето училиште не може да го обезбеди конкретниот предмет за кој си заинтересиран.

Треба да провериш не само кои VCE предмети ги нуди твоето училиште, но и дали предметите што си ги избрал се вклопуваат во распоредот на часови на твоето училиште.

**Дали имам право на образование на оддалеченост (Distance Education)?**

За информации за образованието на оддалеченост (критериуми, предмети што се нудат, запишување итн.) види на www.distance.vic.edu.au

**Што мора да вклучам во мојата VCE програма?**

Твоето училиште ќе ти даде совети за да обезбеди дека изучуваш правилен број на единици и правилна комбинација на единици, за да матурираш со VCE. Во формуларот со лични податоци, што ќе го добиеш на почетокот на годината, ќе имаш можност да го потврдиш твоето запишување и да провериш на што имаш право.

За да добиеш VCE, ти мора задоволително да завршиш најмалку 16 единици.

Без оглед од вкупниот број единици што ги изучуваш, ти мора задоволително да завршиш:

- Најмалку три единици од подолу наведената група по англиски јазик:
  – Основен англиски, Единици 1 и 2 (Foundation English Units 1 and 2)
  – Англиски/англиски како втор јазик, Единици 1 до 4 [(English/English as a Second Language (ESL) Units 1 – 4]
  – Англиски јазик, Единици 1 до 4 (English Language Units 1 – 4)
  – Литература, Единици 1 до 4 (Literature Units 1 – 4)

Најмногу две единици од Единиците 1 и 2 може да се земат предвид за исполнување на критериумот за англиски јазик. За да добиеш ENTER (Equivalent National Tertiary Entrance Rank – број на поени за запишување на трет степен образование), ти мора да ги завршиш Единиците 3 и 4 од една од горните низи (sequences) по англиски.

- Три низи Единици 3 и 4 по предмети, покрај низата одбрана од англиската група. Тие низи може да бидат од VCE предмети и/или од VET програми. Треба да имаш предвид дека VTAC поставува ограничувања за некои комбинации на VCE и VET предмети. Ако имаш намера на крајот на твоето VCE да конкурираш за ENTER, треба да бидеш свесен за тие ограничувања. Разговарај со твојот VCE координатор.

**ЗА VET**

Постојат три можности за вклучување на VET како дел од VCE и тие се опишани во продолжение.

**1. Што е VCE VET програма?**

Ти може да одбереш некоја VCE VET програма како дел од твоето VCE. VCE VET програма ти нуди свидетелство за занимање (vocational certificate), во кое се вклучени VCE поени (credits), исто како другите VCE предмети. VCE VET програмите ќе ти носат поени по Единиците 1-4. Тоа значи дека ќе преземеш обука во некоја конкретна професионална област како што се, на пример, угостителството, земјоделството, информациската технологија или инжинерството.

Во рамките на обуката, ти би требало да завршиш структурирано учење за работно место (structured workplace learning) што ти дава можности за практична примена на твоето знаење и способности.

Таа обука ќе придонесе за задоволително завршување на твоето VCE и ќе ти даде професионална квалификација призната во цела Австралија. Професионалната квалификација ќе ти обезбеди пристап кон натамошна обука, на пример на некој институт на TAFE и може да ти ги зголеми шансите да најдеш работа кога ќе завршиш училиште.

Во извесен број на тие програми исто така постојат поени по предмети (study score) и тие, како и повеќето VCE VET програми, придонесуваат за ENTER. Сега постојат над 30 VCE VET програми од кои може да се избира.

Брошури за секоја од VCE VET програмите може да се најде на интернет страницата на VCAA на www.vcaa.vic.edu.au

Во твоето училиште исто така има примероци од тие брошури за програмите.

Јави се на училишниот координатор за VCE или VET за да дознаеш колку некоја поединечна VCE VET програма ќе придонесе за твоето VCE.

**2. Што се School Based New Apprenticeship или traineeship?**

Друг начин професионалната обука (vocational training) да придонесе за твоето VCE е низ Ново чиракување базирано во училиште [School Based New Apprenticeship (SBNA)] или низ обука за занимања (traineeship). За да станеш чирак или да бидеш на обука, ти треба да работиш за плата и да потпишеш договор за обука што мора да биде регистриран во Бирото за обука и третостепено образование [Office of Training and Tertiary Education (OTTE)].

Твојата VCE програма ќе се изведува истовремено со твојата работа со неполно работно време и обуката за занимања. Така твоето VCE ќе содржи три дела:

- VCE предмети што се изучуваат во училиште
- обука за занимања што се спроведува, на пример, во некој TAFE институт
- платена работа со неполно работно време во стопанската гранка за која се обучуваш.

Сега постојат единаесет стопански гранки во кои VCAA има вклучено аранжмани за VCE поени и ти можеш да одбереш чиракување или обука за занимања како дел од твоето VCE.

Квалификацијата SBNA што ќе ја добиеш, ќе придонесе за задоволително завршување на VCE на ист начин како и VCE VET програмите, што значи дека ќе ти обезбеди поени во Единиците 1–4. Програмите SBNA придонесуваат за ENTER исто како што придонесуваат VCE VET програмите.

Во твоето училиште треба да провериш како SBNA може да биде организирано за тебе.

Програмите VCE VET и SBNA исто така може да сочинуваат дел од VCAL учебна програма на некој ученик. VCAL е објаснет понатаму во оваа книга.

**3. Block Credit признавање за VCE**

Ако си заинтересиран за свидетелство за обука за занимања кое не е на располагање низ VCE VET програмите или единаесетте претходно споменати SBNA, ти може да ја вклучиш обуката во исполнувањето на условите за задоволително завршување на твоето VCE.

Ова вклучување на поени се наречува 'Block Credit'. Постојат некои правила за тоа како поени за VCE се добиваат на овој начин. За повеќе информации треба да разговараш со твојот координатор за VET или VCE.

## КАКО СЕ МАТУРИРА СО VCE?

Во ова поглавје се опишува како треба да работиш за да матурираш со VCE. Во него исто така се опишува како ќе бидеш оценуван, како ќе бидеш известен за резултатите на оценувањето и како можеш да ги користиш тие резултати.

**Што треба да направам за да матурирам?**

Матурирањето со VCE значи дека ќе можеш твојот успех да го носиш со себе во облик на едно свидетелство што е признато во цела Австралија и во странство. За да матурираш, ти треба:

- да ги исполниш условите на VCE програмата
- твојата работа да биде оценета и да биде заклучено дека таа е на задоволително ниво.

**Како ќе го знам нивото?**

Откако си одбрал некоја програма што ќе ти овозможи да ги исполниш условите за матурирање, ти треба да покажеш работа што е доволно добра за да матурираш. Матурирање за VCE зависи од задоволителното завршување на единиците што ги сочинуваат твоите предмети. Задоволителното завршување се означува со 'S'. Неисполнувањето на условите за задоволително завршување се означува со 'N'.

Без оглед дали ги завршуваш Единиците 1 и 2, или Единиците 3 и 4, одлуките за задоволително завршување ги донесува твоето училиште.

Одлуките за задоволително завршување се засновуваат врз твоето постигнување на секој од резултатите наведени во наставниот план на предметот (study design), за секој предмет. Резултатот опишува што се очекувало да знаеш и да бидеш способен да направиш (основни познавања и способности - the key knowledge and skills) до времето кога си завршил некоја единица. Секоја едница на некој VCE предмет има од два до четири резултати.

За сите предмети твоето училиште одлучува дали задоволително си завршил некоја единица. Со цел да донесе таква одлука, твоето училиште ќе постави задачи за оценување (assessment tasks) за да види како напредуваш. Тие задачи твојот учител ќе ги постави од една листа во наставниот план на предметот, и ќе бидат оценувани во училиштето. Твојот учител ќе ти даде една листа на задачите и краен рок за нивно предавање. За тој краен рок да се продолжи ти ќе треба да дадеш многу добра причина, така што ако имаш повеќе крајни рокови во кус временски период, ќе мора да планираш сите работи да ги завршиш навреме. Пропуштањето на крајните рокови

поставени од училиштето може да значи дека не е постигнато задоволително завршување на единицата.

За Единиците 1 и 2 училиштата главно се концентрираат на ‘S’ или ‘N’ (иако некои училишта може да известат колку добри резултати си постигнал во задачите за оценување, со тоа што ќе дадат оценка за твојата работа).

**Како ќе бидам оценуван во Единиците 3 и 4?**

За Единиците 3 и 4 ти ќе добиеш оценки, како и ‘S’ или ‘N’ што се претходно опишани. На ниво на Единиците 3 и 4, VCAA го надгледува оценувањето на сите ученици.

Степенуваното оценување (graded assessment) е или оценување извршено во училиштето или испит. Секој VCE предмет има три степенувани оценувања за низата Единици 3 и 4: или две оценувања во училиште и еден испит, или едно оценување во училиште и два испита. Сличен процес на оценување се применува кај одбрани оценувани VCE VET програми (scored VCE VET programs), кои имаат едно училишно оценување и еден испит. Секоја VCE програма има најмалку еден испит.

Во VCE постојат два вида училишно оценување.

Првиот се вика “Курсна работа оценувана во училиште“ (School-assessed Coursework). Со него се оценува колку добро сте ги изработиле задачите за оценување (assessment tasks). Тие задачи главно се работат на часовите. Сите предмети, освен Студиска уметност (Studio Arts), вклучуваат “Курсна работа оценувана во училиште“.

Другиот вид училишно оценување е “Задача оценувана во училиште“ (School-assessed Task). Само седум предмети имаат “Задача оценувана во училиште“: Уметност, дизајн и технологија (Art, Design and Technology), Храна и технологија (Food and Technology), Медиуми (Media), Студиски уметности (Studio Arts), Системско инжинерство (Systems Engineering) и Визуелни комуникации и дизајн (Visual Communication and Design). Условите за “Задача оценувана во училиште“ се исти за секое училиште и ги одредува VCAA. Твоето училиште ќе одреди активности во рамки на условите, за да ти помогне во извршувањето на “Задачата оценувана во училиште“. VCAA одредува како ќе се даваат оценките. Оценките ги дава твојот учител, а твоето училиште ќе прати на VCAA еден резултат што покажува како си ја направил “Задачата оценувана во училиште“.

**Надворешни испити**

Надворешните испити (писмени, усни, низ изведба или електронски), ги одредува и оценува VCAA. Повеќето се одржуваат во ноември, но еден мал број предмети имаат испити во јуни или октомври.

**Кои се проверките на VCE оценувањето?**

За сите видови оценување – во училиште или на испити - VCAA има внимателно поставени процедури за да се обезбеди сите училишта ширум Викторија да оценуваат на исто ниво. Тоа опфаќа статистички процедури и многукратни проверки на секој аспект на твоето оценување. Детали може да добиеш во твоето училиште или на интернет страницата на VCAA.

## ШТО Е GAT?

Тестот на општо постигнување [General Achievement Test (GAT)] е тест на општи знаења и способности по писмено комуницирање, математика, наука и технологија, хуманитарни науки (humanities), уметност и општествени науки (social sciences).

GAT е важен дел од процедурата на оценување за VCE. Иако GAT не е дел од условите за матурирање и не се зема предвид за твоите VCE резултати или ENTER, тој игра важна улога во проверката дали твоите оценувања во училиште и на испитите биле точни.

Затоа, ако си се запишал за Единиците 3 и 4 по кој и да е VCE предмет или која и да е VCE VET оценувана програма – било во 11-та или во 12-та година – мора да полагаш GAT, освен ако од тоа не те ослободи VCAA. За тоа мора да постои силна причина.

Твоите GAT резултати ќе бидат запишани во твојот Извештај за резултатите (Statement of Results).

## КАКО МИ СЕ СООПШТУВААТ РЕЗУЛТАТИТЕ?

### Извештај за резултатите

Ако ги изучуваш само Единиците 1 и 2, извештајот за твоите резултати ќе го добиеш преку твоето училиште. Ако ги изучуваш Единиците 3 и 4, извештајот за резултатите VCAA ќе ти го прати по пошта во декември.

Во извештајот за резултатите ќе биде наведено дали си добил 'S' или 'N' по секоја единица што си ја одбрал – Единиците 1, 2, 3 и 4.

Твоите оценки за "Курсна работа оценувана во училиште", за "Задачи оценувани во училиште" и на испитите, ќе бидат наведени како оценки од A+ до E или UG (ungraded - неоценето).

Ако добиеш две или повеќе степенувани оценки (graded assessments) и добиеш 'S' и по Единицата 3 и по Единицата 4 по некој предмет, ќе добиеш поени по предмет (study score). Поените по предмет се пресметуваат на скала од 0 до 50 и се мерило на твојот успех во споредба со другите што го изучуваа тој предмет.

Поените по предмет, што ќе ги пресмета VCAA, ќе ги користи Викторискиот центар за прием на институции на третостепено образование [Victorian Tertiary Admissions Centre (VTAC)] за да го пресмета твојот ENTER (во продолжение види 'Други нешта што можеби би сакал да ги знам').

Ако си завршил VCE VET единици, тие ќе бидат прикажани во твојот извештај за резултатите, а ако си ја завршил комплетната VCE VET програма, покрај твоето VCE ќе добиеш и посебно свидетелство од регистрираната организација за обука [Registered Training Organisation (RTO)]. Ако си се пријавил за оценување со поени по предмети во некоја VCE VET програма, твојата оценка ќе биде вклучена во извештајот за резултати, заедно со VCE предметите.

### Свидетелство VCE

Ти исто така ќе добиеш свидетелство ако си ги исполнил условите за матурирање со VCE.

## ДРУГИ НЕШТА ШТО МОЖЕБИ БИ САКАЛ ДА ГИ ЗНАМ

### Проширени предмети

Проширени предмети (extension studies) се универзитетски предмети изучувани за VCE. Ако постигнуваш извонредни резултати и бараш дополнителен предизвик, тоа е

одличен начин да го прошириш твоето интересирање по некој предмет еден чекор после VCE. Тоа не се VCE единици и не можат да се земат предвид како дел од 16-те единици потребни за задоволително завршување.

**Кој може да изучува проширени предмети?**

Проширените предмети се наменети за ученици со високи достигања кои покажале извонредни резултати. Секоја година ќе бидат одбрани околу два проценти од вкупниот број на VCE учениците. Тие треба да се обратат директно на универзитетот кој го нуди предметот што го одбрале. Пред да почнат со изучување на некој проширен предмет, учениците треба да побараат совет од нивното училиште. Твоето училиште ќе ги има упатствата дадени од универзитетите, кои ќе помогнат да се обезбеди одбраните ученици да можат да го завршат нивното VCE и една програма на проширени предмети. Сите програми на проширени предмети претставуваат најмалку 20 проценти од некоја универзитетска програма за прва година на редовно (full-time) студирање.

Критериум да бидеш одбран е твојот успех по подготвителните VCE предмети во програмата на проширени предмети што сакаш да ја изучуваш. Подготвителниот предмет ќе ти ја даде неопходната основа по универзитетскиот предмет во програмата на проширени предмети што сакаш да ги изучуваш. Ти нормално ќе треба да завршиш една низа составена од Единиците 3 и 4 по некој подготвителен предмет кој ти дава неопходна основа за универзитетскиот предмет. Некои подготвителни предмети може да бидат изучувани истовремено со проширениот предмет. Треба да побараш совет од училиштето и универзитет. Исто така, твоето училиште треба да смета дека си добил или ќе добиеш најмалку 41 VCE поени по подготвителниот предмет (за информации за резултатите по предмети види ‘Како ми се соопштуваат резултатите?’).

**Која е користа?**

Ако успешно завршиш некој проширен предмет, резултатите ќе бидат наведени во твојот извештај за резултатите и може да придонесат за твојот ENTER како шести VCE предмет. При пресметувањето на твојот ENTER, тоа може да ти донесе дополнителни 4.0, 5.0 или 5.5 поени, зависно од твоите резултати по проширениот предмет. Ако поминеш некоја програма на проширени предмети, ти обично ќе можеш да го изучуваш твојот предмет на ниво на втора година на универзитет, ако бидеш примен на курсот на кој тој предмет му припаѓа.

Мора да запаметиш дека запишувањето на проширен предмет значи дека ќе имаш повеќе за учење и поодмината работа, но и користа е голема.

Ако мислиш дека оваа програма ти одговара, те молиме направи почетен контакт со универзитетите за да дознаеш повеќе детали за проширените предмети што тие ги нудат. Предметите што ги нуди секој од универзитетите и како за нив може да се пријавиш може да се менуваат од година во година, па е важно за тоа да си свесен ако и кога ја донесуваш одлуката да се запишеш во програмата на проширени предмети.

**Како може да се запишам на универзитет или TAFE?**

VCAA ја пресметува твојата оценка по предмети врз основа на трите степенувани оценки по секој предмет. Максималната оценка за секој предмет е 50.

Користејќи ги оценките по предмети за Единиците 3 и 4, што ги пресметува VCAA, VTAC го одредува твојот ENTER. Други предмети користени во пресметувањето на твојот ENTER може да опфатат VCE VET програми и проширени предмети. ENTER се користи како првенствен извор за селекција кај речиси 50 проценти од курсовите. Телата за избор на преостанати курсови користат низа критериуми меѓу кои може да

бидат ENTER и претставување на проекти (folio presentations), аудиции, интервјуа итн. ENTER се одредува со споредување на учениците во поглед на сите нивни предмети и вклучува статистичка обработка на оценките по предмети, претворајќи ги во ENTER оценки по предмети. Тоа значи дека сите предмети се третираат еднакво, овозможувајќи тие да бидат собирани за да се добие еден збир кој потоа се претвора во ENTER. Натамошни детали за овој процес и селекцијата за образовни институции од трет степен се дадени во следните изданија на VTAC:

*Enter into Tertiary Study* (само на интернет страницата на VTAC)

*ABC of Scaling* (примерок се праќа по пошта во декември, заедно со извештајот за ENTER)

*Choice!* (Брошура за 10-та година што ја има во училиштата)

*VTAC Guide 2007* (во продавниците за весници)

Victorian Tertiary Entrance Requirements (VICTER) 2008 or 2009 (Брошура за 10-та година што ја има во училиштата)

Интернет страница на VTAC: www.vtac.edu.au

**Признанија за успехот во VCE**

Во VCE постојат многу начини на кои учениците може да ги покажат својот труд и талент. Признанија за придонесот на учениците за нивното училиште и заедницата се оддаваат преку VCE Наградата за успешни (VCE Achievers Award). На извонредната работа на учениците секоја година и се оддава признание низ VCE Сезона на извонредност (VCE Season of Excellence) што опфаќа Најдобар дизајн (Top Designs), Најдобар клас (Top Class), Најдобар екран (Top Screen), Најдобро актерство (Top Acts) и Најдобра уметност (Top Arts). Исто така постојат и Награди на премиерот (Premier's Awards), Наградата на VCAA за зборување на едноставен англиски (VCAA Plain English Speaking Award) и Австралиската ученичка награда (Australian Students Prize).

За повеќе информации за тие награди видете на интернет страницата на VCAA на:

www.vcaa.vic.edu.au/excellenceawards/seasonofexcellence/index.html

www.vcaa.vic.edu.au/excellenceawards/vceachiever.html

www.vcaa.vic.edu.au/excellenceawards/australianstudentprize.html

www.vcaa.vic.edu.au/excellenceawards/premiersaward.html

www.vcaa.vic.edu.au/excellenceawards/plainenglishspeaking/index.html

## ЗА VCAL

За информации за VCAL одете на интернет страницата на VCAA и "кликнете" на www.vcaa.vic.edu.au/vce/publications/WhereToNow/vcallote.html